- (02) 3 116 520, лок. ???
- четврток,8:30 – 10:00 / петок 8:30 – 10:00
- bosko.karadzov@fzf.ukim.edu.mk
- профил на ризницата на УКИМ
- ORCID ID: https://orcid.org/0000-0001-9290-5410
- Europass CV

д-р Бошко Карацов
Доцент

Доцент д-р Бошко Карацов е роден во 1978 година во Велес. Во 2002 година дипломирал на Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет на УКИМ со просечен успех 9,43. Постдипломските студии ги завршил во 2007 година со просечен успех 10,00 и со одбрана на магистерскиот труд *Епистемолошките проблеми на логичкиот реконструкционализам*, стекнувајќи звање магистер на филозофски науки. Во март 2011 година докторирал на истиот Институт со дисертацијата *Парадоксите на индуктивната логика*, стекнувајќи звање доктор на филозофски науки. Покрај формалното образование, посетувал и успешно завршил голем број меѓународни школи, курсеви и обуки од областа на филозофија на политиката, педагогијата и методика на наставата, а посебно се дообразувал во Љубљана (Primera) и Фиренца (Europass Teacher Academy) во областа на образовната и хуманистичката психологија.

Во периодот 2007–2011 работел како наставен соработник (асистент) на Факултетот за политички науки при Европскиот универзитет – РМ, каде реализирал настава и вежби по Методологија на научните истражувања, Етика во политиката и други предмети. Во 2011 година е избран во звање доцент, односно научен соработник, на Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан“ – Скопје, каде предавал Методологии и епистемологии на општествените и хуманистичките науки и Современа политичка филозофија на втор циклус на студии. Во овој период бил и Директор на престижната алтернативна академска програма Охридскиот летен универзитет (ОЛУ) во организација на Институтот „Евро-Балкан“ – Скопје.

Од 2012 до 2026 година работел како професор по филозофија, етика и логика во СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ – Велес. Во септември 2026 година е избран во звањето доцент на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје, во научната област епистемологија.

Во периодот 2012–2026, покрај наставната дејност, активно учествувал и во неформалното филозофско и хуманистичко образование како едукатор, предавач, фасилитатор и обучувач во бројни домашни и меѓународни образовни програми, школи и работилници. Учествувал во подготовка и реализација на повеќе *Erasmus+* проекти и други меѓународни образовни иницијативи, а особено се издвојуваат неговото авторство на проектот *Digital Paideia*, реализиран во Калабрија, Италија, посветен на дигиталната дидактика и хуманистичкото образование, како и програмата *Art for Advocacy*, реализирана и во Велика Британија, посветена на уметноста како средство за општествено ангажирање. Во периодот 2017–2022 година, како независен научен истражувач, соработувал со Одделението за лингвистика и литературна наука при МАНУ, учествувајќи во повеќе национални и меѓународни научно-истражувачки проекти од областа на книжевната херменевтика, теоријата на книжевноста, графичката литература, дигиталната култура и историјата на македонската филозофска и културна мисла.

Има објавено 5 книги и над педесетина научни трудови, од кои значаен дел се објавени во рецензирани научни списанија и зборници од домашни и меѓународни научни собири. Неговата научно-истражувачка работа опфаќа широк спектар на филозофски теми, особено од областа на епистемологијата, логиката и методологијата, филозофија на политиката, методика на наставата по филозофија, филозофија на уметноста и поп-културата. Исто така, учествувал на голем број домашни и меѓународни научни собири и конференции, со приложени научни реферати, и одржал низа пленарни предавања на домашни и странски универзитети.

Член е на извршниот одбор на Филозофското друштво на Македонија, а воедно и основач и претседател на Центарот за хуманистика и Институтот за графичка литература – LE 9ÈME ART. Се служи и ги говори англискиот и рускиот јазик, како и јазиците од јужно-словенската група.

Истражувачки интереси – епистемологија, методологија на научно истражување, филозфија на наука, применета логика, методика на наставата по филозофија, филозофија на политика, филозофија и поп-култура.

Доц. д-р Бошко Караџов изведува настава и вежби по предметите на првиот циклус на студии:

Теорија на познание
Филозофија на наука
Академско пишување и аргументирање
Филозофија (општ курс)

Библиографија

1. Книги

Караџов, Б. *Парадоксите на индуктивната логика*. Скопје: Аз-буки, 2020.

Караџов, Б. *Compendium Philosophiae*. Скопје: Аз-буки, 2021.

Караџов, Б. *Логичка анализа на научното познание*. Скопје: Аз-буки, 2021.

Караџов, Б. *Естетика на стрипот*. Скопје: Стрип-Квадрат, 2022.

Караџов, Б. *Социјална онтологија: Категории, ентитети и процеси*. Скопје: Аз-буки, 2023.

2. Научни трудови

(2026)

Karadjov, B. (2026). „The Linguistic Turn in the Philosophy of History: From Hayden White's *Metahistory* to Counterfactual 'Maybe-History'".*Humanology* 3. (во печат)

Karadjov, B. (2026). „Post-Digital Paideía: Artificial Intelligence and the Transformation of Philosophy Education". Во: *New Trends in Teaching, Learning and Educational Innovations: Proceedings of the International Scientific Conference*. Institute for Applied Research for Business, Skopje. (во печат)

Карацов, Б. (2026). „Machina cogitans philosophica: Дидактичкиот потенцијал и епистемолошкиот ризик на вештачката интелигенција". *Филозофска трибина, 39*, 109-130.

Karadjov, B. (2026) „Digitalization of the Humanities and Humanization of the Digital: The Epistemological and Social Tasks of Philosophy in the Era of Technological Mediation," *Филозофска трибина 40* .

(2025)

Karadjov, B. (2025). „Digital Paideia or Teaching Philosophy in McLuhan Galaxy: Challenges and Opportunities". *Humanology, 1*(2), 101–116. https://doi.org/10.46793/HumanologyI-2.101K

Karadjov, B. (2025). „Rorty's Sarajevo Lecture and Rethinking the Divide Between Analytic and Continental Philosophy". *Филозофска трибина, 38*, 179–186.

Карацов, Б. (2025). „Кантовиот идеализам, Евтифроновата дилема и антропискиот принцип". *Филозофска трибина, 37*, 69–83.

(2024)

Карацов, Б. (2024). „Адам Смит, невидливата рака и моралноста на слободниот пазар". *Филозофска трибина, 35*, 19–28.

Karadjov, B. (2024). „Aristotle's *Epagoge* and the Concept of Epistemic Inductive Reasoning". *Меѓународен дијалог: Исток–Запад* бр. 4, стр. 91–96.

Карацов, Б. (2024). „Графичкиот роман и мултимодалната литература".*Меѓународен дијалог: Исток–Запад* бр. 4, 21–26.

Карацов, Б. (2024). „Македонското научно-литературно другарство и идејата за националната, културната и политичката автономија како дел од македонската филозофска традиција". Во: К. Ќулавкова (Уред.), *Македонското научно-литературно другарство во Санкт Петербург 1902–1917* (стр. 99–109). Македонска академија на науките и уметностите, Скопје.

(2023)

Карацов, Б. (2023). „Современи ориентации во филозофијата на науката: Кон вредностите и значењето на социологијата на научното познание". *Филозофска трибина, 33*, 47–61.

Карацов, Б. (2023). „Филозофските основи на објективизмот на Ајн Ренд". *Филозофска трибина, 34*, 127–139.

(2022)

Karadjov, B. (2022). „Forbidden Memory and Hauntology of the Past“.*Меѓународен дијалог: Исток–Запад бр. 4,* 203–207.

Карацов, Б. (2022). „Демонополизација на државата: Безбедноста и слободата во минархистичкото општество“. *Филозофска трибина, 32*, 59–75.

Карацов, Б. (2022). „Paideia“. Во: М. Ѓорѓевиќ (Уред.), *Philosophia Christiana* (pp. 42–57). ТРИ.

Карацов, Б. (2022). „Портретирањето на соседот како антагониски Другиот во македонската графичка литература“. *Прилози – Одделение за лингвистика и литературна наука, XLVII*(1), 69–89.

Karadjov, B. (2022). „Cinematic Iconography of Movement as a Model for Understanding Ontology of Graphic Literature and Comic Book Art“. Во: *Philosophy and Film: Conference Proceedings from the 11th Philosophical Film Festival* (pp. 123–131). Philosophical Society of Macedonia, Faculty of Philosophy–Skopje & Faculty of Dramatic Arts–Skopje, Skopje.

Карацов, Б. (2022). „Велешката филозофска традиција: Од Цинот до Рацин“. *Филозофска трибина, 31*, 69–89.

Карацов, Б. (2022). „Инструментализмот како епистемолошка метатеорија за научните теории“. *Меѓународен дијалог: Исток–Запад бр.4,* 17–22.

Karadjov, B. (2022). „The Portrayal of the Neighbor and the Neighborhood in Macedonian Graphic Literature and Comic Book Culture“. *Slavia Meridionalis, 22,* Article 2674. https://doi.org/10.11649/sm.2674

Карацов, Б. (2022). „Слободата, државата и пандемиите“. *Филозофска трибина, 29*, 179–185.

(2021)

Карацов, Б. (2021). „Каузалност и познание: Кон Хјумовата епистемологија на сензорната навика“. *Меѓународен дијалог: Исток–Запад бр.4*, 17–23.

(2020)

Карацов, Б. (2020). „Џон Серл против Жак Дерида: Филозофската терминологија помеѓу терористичката опскурност и илокуцискиот говорен чин“. Во: *Зборник на текстови од меѓународниот симпозиум одржан на 29–30 мај 2017 година* (pp. 131–154). Филозофски факултет, Скопје.

Карацов, Б. (2020). „Фигурална семиотика на слободата“. *Филозофска трибина, 28*, 29–44.

Karadjov, B. (2020). „Demonopolization and Privatization of the Security Function of the State“. *Journal of Sustainable Development, 10*(24), 45–54.

Карацов, Б. (2020). „Психолошката и логичката асиметрија на конфирмацијата и фалсификацијата како епистемолошки модели“. *Меѓународен дијалог: Исток–Запад,* 29–34.

Карацов, Б. (2020). „Парадоксот на судот или Протагора против Еватл: Кон епистемолошката вредност на паралогијата“. *Филозофска трибина, 27*, 101–114.

Karadjov, B. (2020). „Demonopolization of the State: The Problem of Security and Freedom in the Minarchist Society“. Во: M. Bodin (Уред.), *20 Међународна филозофска школа Felix Romuliana: Зборник излагања* (pp. 158–172).

Karadjov, B. (2020). „Cartography of One Political Eschatology: Macedonian Idea of Europe and the Problem of Identity“. *Меѓународен дијалог: Исток–Запад,* 103–108.

(2019)

Karadjov, B. (2019). „Economic Freedom, Neoliberalism and Morality: From John Locke to Robert Nozick“. *Journal of Sustainable Development, 9* (22), 114–123.

Карацов, Б. (2019). „Парадигмите и научната револуција на Томас Кун“. *Меѓународен дијалог: Исток–Запад* бр. 4, 13–20.

Карацов, Б. (2019). „Христијанската венерација во средновековната графичка литература“. Во: *Предание и општество: Зборник на текстови од I и II Светиклиментов научен собир* (стр. 187–200). Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“.

Карацов, Б. (2019). „Епистемологија на историјата и лингвистичкиот пресврт: Од Вико до Вајт“. *Филозофска трибина, 25,* 35–50.

Карацов, Б. (2019). „Филозофија на детството или кон онтолошкиот јазик на детската игра“. *Филозофска трибина, 26,* 41–56.

(2018)

Карацов, Б. (2018). „Заведувањето на невините и *comic code* цензурата во американскиот стрип“. *Стрип ревија „Деветка“, 1*(1), 34–38.

Karadjov, B. (2018). „Paradoksi i tolererancës“. *Revija Shenja, 8*(84), 25–27.

Карацов, Б. (2018). „Стрипот и графичката литература како интермедијална дидактичка алтернатива на педагошкиот пантекстуализам во формалното образование“.*Меѓународен дијалог: Исток–Запад* бр. 3, 9–16.

Карацов, Б. (2018). „Поперовиот парадокс на толеранцијата и анархо-пацифистичката филозофија“. *Филозофска трибина, 24*, 69–82.

Карацов, Б. (2018). „„„Херменевтичкиот квадрат“ како интерпретативен образец во стрип-творештвото и во графичката литература“. Во: К. Ќулавкова (Уред.), *Критички методи и толкувања* (Т. 2, стр. 387–398). Македонска академија на науките и уметностите, Скопје.

Карацов, Б. (2018). „Минархистичката слобода и (ре)дистрибутивната правда: Кон етичките премиси на Нозиковиот анархизам“. *Филозофска трибина, 22–23,* 103–118.

(2017)

Karadjov, B. (2017). „Proto-Comics and Biblical Veneration in Medieval Graphic Storytelling and Visual Narrative“. *Context/Контекст,* (16), 145–167.

Карацов, Б. (2017). „Дигиталниот стрип и идејата за бесконечното платно: Кон една субјективистичка естетика на стрипот“. *Филозофска трибина, 21,* 193–227.

Карацов, Б. (2017). „Нормативната методологија и применета логика во средниот век: Евристичките начела во природно-научните филозофии во схоластичката традиција“.*„Меѓународен дијалог: Исток–Запад“* бр. 4, 27–34.

Карацов, Б., & Трифунов, З. (2017). „За математичкиот и епистемичкиот поим на веројатноста“. *Меѓународен дијалог: Исток–Запад* бр. 4, 71–78.

(2016)

Карацов, Б. (2016). „Стапицата на Фукујама и смртта на политичкиот романтизам“. *Филозофска трибина, 19*, 63–71.

(2015)

Карацов, Б. (2015). „Историзации на симболичките искуства: Нарација и реторика“. *Меѓународен дијалог: Исток–Запад 2* (4), 146–150.

Карацов, Б. (2015). „Стахановизам и лудизам: Кон марксијанската антропологија и проблемот на слободата“. *Филозофска трибина, 20*.

Карацов, Б. (2015). „Филозофската пропедевтика во мрежното општество: Од веб 2.0 кон дигиталната методика во наставата по филозофија“. *Филозофска трибина, 17*, 49–66.

Карацов, Б. (2015). „Стрипот во дигиталната ера: Редефинирање и преосмислување“. *Стрип магазин Креатор*, (21–22), 47–56.

(2014)

Карацов, Б. (2014). „Логичка анализа на научниот јазик: Епистемолошките вредности на применетата логика“. *Филозофска трибина, 16*, 63–76.

Карацов, Б., & Трифунов, З. (2014). „Образованието во дигиталното доба: Предизвици и решенија“. *Меѓународен дијалог: Исток–Запад*, 280–287.

(2013-2008)

Карацов, Б. (2013). „Молчеливците на Рорти и аферата „Сокал“: Кон вердиктичките корени на непомирливоста меѓу континенталната и аналитичката филозофија“. Во: *Филозофијата на крстопат: Аналитичка или континентална филозофија* (стр. 125–133). Филозофски факултет, Скопје.

Карацов, Б. (2012). „Епистемичката индукција како вердиктички модел во аналитичката филозофија“. *Филозофија, 33*, 25–50.

Карацов, Б. (2010). „Методолошките капацитети на лингвистичките модели во општествените науки: Структурализам и структурална анализа“. Во: *Зборник на трудови ЕУРМ* (pp. 731–750). ЕУРМ, Скопје.

Карацов, Б. (2009). „Општествениот договор: Историски факт или толковен модел“. Во: *Зборник на трудови ЕУРМ* (pp. 389–404). ЕУРМ, Скопје.

Карацов, Б. (2008). „Научно објаснување: Методолошки испитувања“. Во: *Зборник на трудови ЕУРМ* (pp. 245–269). ЕУРМ, Скопје.

3. Предговори и други акторски текстови

Карацов, Б. (2021). „Мареј Ротбард и анархо-капитализмот“ [Предговор]. Во: М. Ротбард, *Анатомија на државата* (стр. 10–12). Либертаниа – Центар за современа политика.

Карацов, Б. (2020). „Предговор“. Во: И. Јовчевски, *WANTED – Вестрен колекција* (стр. 1–5). Стрип Квадрат.

Карацов, Б. (2017). „Омаж за хероизмот и дивата убавина“ [Предговор]. Во: И. Јовчевски, *Црно на бело* (стр. 4–5). Стрип Квадрат.

Карацов, Б. (2014). „Боб Дилан – Поетика на ослободувањето“ [Предговор]. Во: *Збирка песни на Боб Дилан* (стр. 6–13).

Карацов, Б. (2017). *Велес: Срцето на Македонија* [Сценарио за историско-документарен филм]. Македонска радио-телевизија, Скопје.